37	91.1	89	96.3	141	101.5	193	106.7
38	91.2	90	96.4	142	101.6	194	106.8
39	91.3	91	96.5	143	101.7	195	106.9
40	91.4	92	96.6	144	101.8	196	107,0
41	91.5	93	96.7	145	101.9	197	107.1
42	91.6	94	96.8	146	102,0	198	107.2
43	91.7	95	96.9	147	102.1	199	107.3
44	91.8	96	97,0	148	102.2	200	107.4

R.br.	Фреквенција MHz	R.br.	Фреквенција MHz	R.br.	Фреквенција MHz	R.br.	Фреквенција MHz
45	91.9	97	97.1	149	102.3	201	107.5
46	92,0	98	97.2	150	102.4	202	107.6
47	92.1	99	97.3	151	102.5	203	107.7
48	92.2	100	97.4	152	102.6	204	107.8
49	92.3	101	97.5	153	102.7	205	107.9
50	92.4	102	97.6	154	102.8	206	108,0
51	92.5	103	97.7	155	102.9		
52	92.6	104	97.8	156	103,0		

5.5 ОПСЕГ 47 – 68 MHz

Опсегот 47–68 MHz (VHF–Band I) е наменет за радиодифузна служба на примарна основа и за радиолокација на секундарна основа. Освен тоа, овој опсег е наменет и за копнена мобилна служба за владини корисници на секундарна основа.

Опсегот 47– 68 MHz има 3 ТВ канали (2, 3 и 4) со широчина на канал од 7 MHz кои го користат системот PAL B. Каналната распределба е дадена во табела 2.

Телевизиските канали од опсегот 47 – 68 MHz користат вид на емисија за слика C3E, а за тон F3E или F8E. Останатите параметри на секоја аналогна телевизиска станица се содржани во ажурираната верзија на Планот за телевизија и звучна радиодифузија на Регионалната спогодба за европската радиодифузна зона “Стокхолм -61” (ST61).

5.6 ОПСЕГ 174 – 230 MHz

Опсегот 174–230 MHz (VHF–Band III) е наменет за радиодифузната служба. Овој опсег е наменет за дигитална терестријална звучна радиодифузија (T-DAB) и дигитална терестријална телевизија (DVB-T).

Опсегот 174–230 MHz има 8 канали (од 5–12) со широчина на канал од 7 MHz. За дигитална терестријална телевизија (DVB-T) се наменети каналите 5,6,7,8,9 и 10, додека за терестријална звучна радиодифузија (T-DAB) се наменети каналите 11 и 12. Каналната распределба е дадена во табелата 3.

Каналите 11 и 12 наменети за T-DAB се поделени во блокови, при што секој канал содржи 4 фреквенциски блока со широчина од 1.75 MHz. Распределбата на фреквенциските блокови на каналите 11 и 12 за T-DAB е дадена во табелата 6.

5.7 ОПСЕГ 470 – 790 MHz

Опсегот 470–790 MHz (UHF–Band IV/V) е наменет за радиодифузна служба на примарна основа.

Опсегот 790–862 MHz е наменет и за копнено мобилна служба на примарна основа, и за фиксна служба за владини корисници на секундарна основа.

Владините корисници користат фреквенции во опсезите определени за заедничко користење во координација со Агенцијата за електронски комуникации.

Опсегот 470–790 MHz е наменет за дигитална терестријална телевизија (DVB–T) .

Опсегот 470–790 MHz има 40 ТВ канали (од 21– 60) со широчина на канал од 8 MHz при што дигиталната радиодифузија (терестријална телевизија) користи MPEG-4 видео компресија. Каналната распределба е дадена во табелите 4 и 5.

Технички параметри за емитување на дигитална телевизиска и звучна радиодифузна станица се содржани во ажурираната верзија на Планот за VHF/UHF аналогна и дигитална радиодифузија во делови од Регион 1 и 3 во фреквенциските опсези 174-230 MHz и 470-862 MHz, на Регионалната спогодба "Женева-2006" (RRC-06).

5.7.1 Доделување на фреквенции

Доделување на фреквенции од опсезите 47–68 MHz, 174–230 MHz и 470–862 MHz кои се наменети за радиодифузна служба за пренос на телевизиските сервиси на јавниот национален радиодифузен сервис се врши со закон.

Доделување на фреквенции од опсегот 470–790 MHz, за обезбедување на радиокомуникациски услуги преку јавна комуникациска мрежа наменета за пренос на дигитална терестријална телевизија се врши по пат на јавен конкурс што го спроведува Агенцијата за електронски комуникации согласно Законот за електронските комуникации.

Фреквенциите од овој опсег подлежат на меѓународна координација која се спроведува согласно одредбите на Регионалните спогодби “Стокхолм 1961” (ST61) и “Женева-2006”.

5.7.2 Распределба на ТВ канали

Табела 2. Опсег 47 – 68 MHz (Band I)

опсег	канал	опсег	слика	тон
I	**2**	47 – 54	48.25	53.75
	3	54 – 61	55.25	60.75
	4	61 – 68	62.25	67.75

Табела 3. Опсег 174 – 230 MHz (Band III)

опсег	канал	опсег	слика	тон
III	**5**	174 – 181	175.25	180.75
	6	181 – 188	182.25	187.75
	7	188 – 195	189.25	194.75
	8	195 – 202	196.25	201.75
	9	202 – 209	203.25	208.75
	10	209 – 216	210.25	215.75
	11	216 – 223	217.25	222.75
	12	223 – 230	224.25	229.75

Табела 4. Опсег 470 – 582 MHz (Band IV)

опсег	канал	опсег	слика	тон
IV	21	470 – 478	471.25	476.75
	22	478 – 486	479.25	484.75
	23	486 – 494	487.25	492.75
	24	494 – 502	495.25	500.75
	25	502 – 510	503.25	508.75
	26	510 – 518	511.25	516.75
	27	518 – 526	519.25	524.75
	28	526 – 534	527.25	532.75
	29	534 – 542	535.25	540.75
	30	542 – 550	543.25	548.75
	31	550 – 558	551.25	556.75
	32	558 – 566	559.25	564.75
	33	566 – 574	567.25	572.75
	34	574 – 582	575.25	580.75

Табела 5. Опсег 582 – 862 MHz (Band V)

опсег	канал	опсег	слика	тон
V	35	582 – 590	583.25	588.75
	36	590 – 598	591.25	596.75
	37	598 – 606	599.25	604.75
	38	606 – 614	607.25	612.75
	39	614 –622	615.25	620.75
	40	622 – 630	623.25	628.75
	41	630 – 638	631.25	636.75
	42	638 – 646	639.25	644.75
	43	646 – 654	647.25	652.75
	44	654 – 662	655.25	660.75
	45	662 – 670	663.25	668.75
	46	670 – 678	671.25	676.75
	47	678 – 686	679.25	684.75
	48	686 – 694	687.25	692.75
	49	694 – 702	695.25	700.75
	50	702 – 710	703.25	708.75
	51	710 – 718	711.25	716.75
	52	718 – 726	719.25	724.75
	53	726 – 734	727.25	732.75
	54	734 – 742	735.25	740.75
	55	742 – 750	743.25	748.75
	56	750 – 758	751.25	756.75
	57	758 – 766	759.25	764.75
	58	766 – 774	767.25	772.75
	59	774 – 782	775.25	780.75
	60	782 – 790	783.25	788.75

Табела 6. Фреквенциски блокови за T-DAB во Band III

T-DAB фреквенциски блок	Фреквенција (MHz)	Широчина на блокот (MHz)	Опсег (MHz)
11A	216.928	216.160-217.696	216.0-223.0
11B	218.640	217.872-219.408	
11C	220.352	219.584-221.120	
11D	222.064	221.296-222.832	
12A	223.936	223.168-224.704	223.0-230.0
12B	225.648	224.880-226.416	
12C	227.360	226.592-228.128	
12D	229.072	228.304-229.840	

5.8 ОПСЕГ 1452 – 1479,5 MHz

Опсегот 1452–1479,5 MHz (L–Band) е наменет за радиодифузната служба, за дигитална терестријална звучна радиодифузија (T-DAB) и за терестријални мобилни мултимедиски сервиси.

Условите за користење на опсегот се содржани во Финалните акти на Посебната спогодба на CEPT за користењето на опсегот 1452 – 1479.5 MHz за терестријална дигитална радиодифузија (Digital Broadcasting T-DAB), Констанца 2007, (MA02revCO07).

Доделувањето на фреквенциите од опсегот 1452–1479,5 MHz се врши по пат на јавен конкурс.

Опсегот 1452–1479,5 MHz е поделен во 16 фреквенциски блока со широчина на блок од 1,536 MHz. Распределбата на фреквенциските блокови е дадена во табела 7.

Фреквенциите од овој опсег подлежат на меѓународна координација која се спроведува согласно Посебната спогодба MA02revCO07.

Табела 7: Фреквенциски блокови во опсегот 1452–1479,5 MHz

Број на T-DAB блок	Централна фреквенција (MHz)	Опсег на блокот (MHz)
LA	1452.960	1452.192 - 1453.728
LB	1454.672	1453.904 - 1455.440
LC	1456.384	1455.616 - 1457.152
LD	1458.096	1457.328 - 1458.864
LE	1459.808	1459.040 - 1460.576
LF	1461.520	1460.752 - 1462.288
LG	1463.232	1462.464 - 1464.000
LH	1464.944	1464.176 - 1465.712
LI	1466.656	1465.888 - 1467.424
LJ	1468.368	1467.600 - 1469.136
LK	1470.080	1469.312 - 1470.848
LL	1471.792	1471.024 - 1472.560
LM	1473.504	1472.736 - 1474.272
LN	1475.216	1474.448 - 1475.984
LO	1476.928	1476.160 - 1477.696
LP	1478.640	1477.872 - 1479.408

5.9 МЕЃУНАРОДНИ ОДЛУКИ, ПРЕПОРАКИ И СТАНДАРДИ

- GE75: Финални акти на Регионалната административна LF/MF конференција за радиодифузија (Регион 1 и 3), (Женева, 1975)

- GE84: Финални акти на Регионалната административна радио конференција за планирање на VHF звучна радиодифузија (Регион 1 и дел од Регион 3), (Женева, 1984)

- ST61: Финални акти на Европската VHF/UHF радиодифузна конференција Стокхолм,1961 (како што се ревидирани од Регионалната административнс конференција на членките на Европската радиодифузна зона, Женева 1985 и Регионалната радиокомуникациска конференција за ревизија на Спогодбата Стокхолм 1961, (Женева 2006)

- GE06: **Финални акти на Регионалната радиокомуникациска конференција за планирање на дигиталната терестријална радиодифузна служба во делови од Регион1 и 3, во фреквенциските опсези 174-230 MHz и 470-862 MHz (RRC-06)**

- WI95revCO07: Посебна спогодба на CEPT за користењето на опсезите 47 - 68 MHz, 87.5 - 108 MHz, 174 - 230 MHz и 230 - 240 MHz за терестријална дигитална радиодифузија (Digital Broadcasting T-DAB)", (WI95), ревидирана во Мастрихт 2002 и Констанца 2007

- MA02revCO07: Посебна спогодба на CEPT за користењето на опсегот 1452 – 1479.5 MHz за терестријална дигитална радиодифузија (Digital Broadcasting T-DAB), Констанца 2007

6. ПЛАН ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ И КОРИСТЕЊЕ НА РАДИОФРЕКВЕНЦИИ ВО ФИКСНА–САТЕЛИТСКА СЛУЖБА

Со овој План се одредуваат основните услови и начинот на доделување и користење на радиофреквенции како и каналната распределба на опсези кои со Планот за намена на радиофреквенциските опсези во Република Македонија се наменети за фиксна–сателитска служба (FSS), во согласност со важечките прописи и стандарди и усвоените меѓународни одлуки и препораки.

Основните услови за доделување и користење се однесуваат на опсезите:

- 3600 – 4200 MHz
- 5925 – 6425 MHz
- 10.7 – 11.7 GHz
- 12.5 – 12.75 GHz
- 14.0 – 14.5 GHz
- 12.75 – 13.25 GHz
- 13.75 – 14.5 GHz
- 15.43 – 15.63 GHz
- 17.7 – 21.2 GHz

,а начинот за издавање на одобренија е по барање.

Во опсезите наменети за фиксната сателитска служба (FSS) работат VSAT и SNG терминали (слика 1).



Слика 1. Фреквенциски опсези од 10.7 – 14.5 GHz (VSAT/SNG)

VSAT (Very Small Aperture Terminal) е сателитски терминал со мал дијаметар на атената до 2.4 m, освен во специфични ситуации кога се користат антени и до 5 m. VSAT користаи дигитална емисија со мали брзини на пренос, не поголеми од 2Mbit/s. VSAT терминалите се користат за комуникација точка–точка или точка–повеќе точки, како дел од сателитска мрежа. Централната земска станица (HUB) може да биде поврзана на јавна телекомуникациска мрежа.

SNG (Satellite News Gathering) е преносен сателитски линк што се користи за радиодифузен сервис.

VSAT терминалите користат фреквенции во опсезите 14.0–14.5 GHz (Земја–вселена) и 10.7–11.7 GHz и 12.5–12.75 GHz (вселена–Земја) а SNG терминалите ги користат опсезите 12.75–13.25 GHz и 13.75 – 14.5 GHz (вселена–Земја) и 10.7 – 11.7 GHz и 12.5 – 12.75 GHz (вселена–Земја).

Користењето на опсегот 14.0–14.5 GHz за VSAT и SNG терминалите е согласно Препораките ERC/REC 13–03, ERC/REC 11–01 и стандардите МКС EN 301 428 и МКС EN 301 430.

6.1.1 МЕЃУНАРОДНИ ОДЛУКИ, ПРЕПОРАКИ И СТАНДАРДИ

Референтни CEPT/ITU одлуки и препораки:

– ERC/REC 13–03 – Користење на опсегот 14.0–14.5 GHz за VSAT и SNG терминали

– ERC/REC 11–01 – Атестирање на земски сателитски станици, VSAT и SNG

Референтни МКС/ETSI стандарди:

– МКС EN 301 428 – VSAT во 11/12/14 GHz

– МКС EN 301 430 – SNG во 11/12/14 GHz

7. ПЛАН ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ И КОРИСТЕЊЕ НА РАДИОФРЕКВЕНЦИИ ВО МОБИЛНА–САТЕЛИТСКА СЛУЖБА

(S–PCS СИСТЕМИ)

Со овој План се одредуваат основните услови и начинот за доделување и користење на радиофреквенции како и каналната распределба во опсези кои со Планот за намена на радиофреквенциските опсези во Република Македонија се наменети за мобилна–сателитска служба (MSS), во согласност со важечките прописи и стандарди и усвоените меѓународни одлуки и препораки.

Основните услови за доделување и користење за мобилната сателитска служба се однесуваат на опсезите:

- 137 – 137.025 MHz (в–З) (S–PCS)
- 137.025 – 137.175 MHz (в–З) (S–PCS)
- 137.175 – 137.825 MHz (в–З) (S–PCS)
- 137.825 – 138 MHz (в–З) (S–PCS)
- 148 – 149.9 MHz (З–в) (S–PCS)
- 149.9 – 150.05 MHz (З–в) (S–PCS)
- 399.9 – 400.05 MHz (З–в) (S–PCS)
- 406 – 406.1 MHz (З–в) (S–PCS)
- 1518 – 1525 MHz (в–З)
- 1525 – 1559 MHz (в–З)
- 1610 –1626.5 MHz (З–в) (S–PCS)
- 1626.5 – 1660.5 MHz (З–в)
- 1670 – 1675 MHz (З–в)
- 2483.5 – 2500 MHz (в–З) (S–PCS)
- 1980 – 2010 MHz (З–в) (S–PCS)
- 2170 – 2200 MHz (в–З) (S–PCS)

,а начинот за издавање на одобренија е по барање.

Во мобилната сателитска служба се воведени нови сателитски системи наменети за индивидуални корисници (S–PCS). S–PCS се сателитски персонални комуникациски системи за пренос на говор и податоци на регионално и глобално ниво, чии сателити се на негеостационарни орбити (LEO, MEO и HEO).

7.1. Опсези под 1 GHz

S–PCS системите во опсезите под 1 GHz се користат за пренос на податоци со мали брзини, пораки, позиционирање и други неговорни комуникации за индивидуални корисници на глобално или регионално ниво.

Условите и начинот на користење на опсезите под 1 GHz се согласно Одлуката ERC/DEC/(99)06.

Станиците на мобилната сателитска служба во опсегот 148–149.9 MHz не смеат да предизвикуваат штетни пречки, ниту да бараат заштита од станиците на фиксната и мобилната служба.

7.2. Опсези над 1 GHz

S–PCS системите во опсезите над GHz се користат за пренос на говор и податоци (вклучувајќи и факсимил) на глобално или регионално ниво (слика 1).

Условите и начинот на користење на опсезите 1610–1626.5 MHz / 2483.5–2500 MHz и 1980–2010 MHz / 2170–2200 MHz се во согласност со Одлуката ERC/DEC/(97)03.



Слика 1. Фреквенциски опсези над 1 GHz за S–PCS

S–PCS системите користат CDMA и TDMA технологија но во различен дел од опсезите согласно Annex 1 од Одлуката ERC/DEC/(97)03 и стандардите МКС EN 301 441 и МКС EN 301 442.

Операторите на сателитските системи за S–PCS услуги мора да ги задоволат условите и процедурите одредени со Annex 2 од Одлуката ERC/DEC/(97)03.

7.3 МЕЃУНАРОДНИ ОДЛУКИ, ПРЕПОРАКИ И СТАНДАРДИ

Референтни CEPT/ITU одлуки и препораки:

- ERC/DEC/(99)06 – Воведување на сателитски персонални комуникациски системи кои работат во опсезите под 1 GHz (S–PCS под 1 GHz)
- ERC/DEC/(97)03 – Користење на спектарот за сателитски персонални комуникациски системи (S–PCS) кои работат во опсезите 1610–1626.5 MHz / 2483.5–2500 MHz и 1980–2010 MHz / 2170–2200 MHz

Референтни МКС/ETSI стандарди:

- МКС EN 301 441 – S–PCN во 1.6/2.4 GHz
- МКС EN 301 442 – S–PCN во 2 GHz

8. ПЛАН ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ И КОРИСТЕЊЕ НА РАДИОФРЕКВЕНЦИИ ВО РАДИОДИФУЗНА–САТЕЛИТСКА СЛУЖБА

Со овој План се одредуваат основните услови и начинот на доделување и користење на радиофреквенциите како и каналната распределба во опсезите кои со Планот за намена на радиофреквенциските опсези во Република Македонија се наменети за радиодифузна–сателитска служба (BSS), во согласност со важечките прописи и стандарди и усвоените меѓународни одлуки и препораки.

Основните услови за доделување и користење за радиодифузна–сателитска служба се однесуваат на опсезите:

- 1479.5 – 1492 MHz (S–DAB)
- 11.7 – 12.1 GHz (BSS)

,а начинот за издавање на одобренија е по барање.

8.1 ОПСЕГ 1479.5 – 1492 MHz

Опсегот 1479.5 – 1492 MHz е наменет за воведување на сателитски дигитални системи за звучна радиодифузија (S-DAB).

S-DAB системите може да се надополнуваат со терестријални предаватели за коплементарно допокривање во подрачја кадешто сателитскиот сигнал не е достапен.

Користењето на опсегот 1479.5–1492 MHz се врши согласно Одлуката ERC/DEC/(03)02.

8.2 ОПСЕГ 11.7– 12.1 GHz

Во Планот за намена на радиофреквенциските опсези, опсегот 11.7–12.5 GHz е наменет за фиксна, радиодифузна–сателитска и копнена мобилна служба на примарна основа .

Условите за користење на опсегот 11.7–12.5 GHz, геостационарната сателитска орбита и каналната распределба се определени на Светската конференција за радиокомуникации – WRC 2000 (Апендикс 30 и 30А).

Во Апендикс 30 и 30А се содржани плановите за радиодифузната–сателитска служба (BSS–down links) во опсегот 12 GHz (вселена–Земја) и плановите за придружните фидер линкови (Земја–вселена) во фиксната–сателитска служба (FSS) во опсезите 14 и 17 GHz за сите земји.

Со планот усвоен на WRC 2000, на Република Македонија и се доделени 10 сателитски канали во горниот дел од опсегот 11.7–12.5 GHz, на геостационарна орбитална позиција 22.80 E, заедно со Ерменија, Еритреја, Финска и Малта. Тоа се непарните канали 21, 23, 25, 27, 29, 31, 33, 35, 37 и 39.

Опсегот 11.7–12.5 GHz содржи 40 канали а каналната распределба е дадена во табела 1.

Табела 1. Канална распределба во опсегот 11.7–12.5 GHz

R.br. канали	Фреквенција MHz	R.br. канали	Фреквенција MHz
1	11727.48	21	12111.08
2	11746.66	22	12130.26
3	11765.84	23	12149.44
4	11785.02	24	12168.62
5	11804.20	25	12187.80
6	11823.38	26	12206.98
7	11842.56	27	12226.16
8	11861.74	28	12245.34
9	11880.92	29	12264.52
10	11900.10	30	12283.70
11	11919.28	31	12302.88
12	11938.46	32	12322.06
13	11957.64	33	12341.24
14	11976.82	34	12360.42
15	11996.00	35	12379.60
16	12015.18	36	12398.78
17	12034.36	37	12417.96
18	12053.54	38	12437.14
19	12072.72	39	12456.32
20	12091.90	40	12475.50

8.2 МЕЃУНАРОДНИ ОДЛУКИ, ПРЕПОРАКИ И СТАНДАРДИ

Референтни CEPT/ITU одлуки и препораки:

- APPENDIX 30 (WRC–2000) – Одредби за сите служби и придружни планови и листи за радиодифузната–сателитска служба во фреквенциските опсези 11,7–12.2 (во Регион 3), 11.7–12.5 GHz (во Регион 1) и 12.2–12.7 GHz (во Регион 2)

- APPENDIX 30 A (WRC–2000) – Одредби и придружни планови и листи за напојни линкови во радиодифузната–сателитска служба во фреквенциските опсези (11,7–12.5 GHz во Регион 1), 12.2–12.7 GHz во Регион 2 и 11,7–12.2 GHz во Регион 3) и во фреквенциските опсези 14,5–14.8 GHz and 17.3 –18.1 GHz во Регионите 1 and 3, and 17.3–17.8 GHz во Регион 2.

- ERC/DEC/(03)02 – Одредување на опсегот 1479.5 – 1492 MHz за воведување на сателитски дигитални системи за звучна радиодифузија (S-DAB)

- ERC/DEC/(00)08 – Користење на опсегот 10.7 – 12.5 GHz за фиксната служба и земските станици на радиодифузна–сателитска и фиксна–сателитска служба (вселена–Земја)

9. ПЛАН ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ И КОРИСТЕЊЕ НА РАДИОФРЕКВЕНЦИИ ВО АМАТЕРСКА И АМАТЕРСКА-САТЕЛИТСКА СЛУЖБА

Со овој План се одредуваат основните услови и начинот на доделување и користење на радиофреквенции како и каналната распределба во опсези кои со Планот за намена на радиофреквенциските опсези во Република Македонија се наменети за аматерска и аматерска-сателитска служба, во согласност со важечките прописи и стандарди и усвоените меѓународни одлуки и препораки.

Основните услови за доделување и користење се однесуваат на следните опсези:

- 135.7 – 137.8 кHz
- 1810 – 1850 кHz
- 3500 – 3800 kHz
- 7000 – 7200 кHz
- 10100 – 10150 кHz
- 14000 – 14350 кHz
- 18068 – 18168 кHz
- 21000 – 21450 кHz
- 24890 – 24990 кHz
- 28 – 29.7 MHz
- 50 – 52 MHz
- 144 – 146 MHz
- 432 – 438 MHz
- 1240 – 1300 MHz
- 2300 – 2450 MHz
- 5650 – 5850 MHz
- 10.00 – 10.5 GHz
- 24.00 – 24.25 GHz
- 47 – 47.9 GHz
- 76 – 81 GHz
- 122.25 – 123 GHz
- 134 – 141 GHz
- 142 – 149 GHz
- 241 – 250 GHz

Условите и начинот на користење на опсезите за аматерска и аматерска-сателитска служба се во согласност со Одлуките T/R 61-01, T/R 61-02, членот 25 од Правилникот на ITU (RR) и Правилникот за користење на аматерски радиостаници во Република Македонија.

9.1 МЕЃУНАРОДНИ ОДЛУКИ, ПРЕПОРАКИ И СТАНДАРДИ

Референтни CEPT/ITU одлуки и препораки:

– T/R 61-01 – CEPT радиоаматерска дозвола

– T/R 61-02 – Сертификат за радиоаматерски испит

– ITU-Правилник за радиокомуникации, член 25 , Аматерска служба

Референтни МКС/ETSI стандарди

– МКС EN 301 783 – Аматерски радиостаници

10. ПЛАН ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ И КОРИСТЕЊЕ НА РАДИОФРЕКВЕНЦИИ ВО ВОЗДУХОПЛОВНА МОБИЛНА СЛУЖБА

Со овој План се одредуваат основните услови и начинот на доделување и користење на радиофреквенции како и каналната распределба во опсези кои со Планот за намена на радиофреквенциските опсези во Република Македонија се наменети за воздухопловна мобилна служба, во согласност со важечките прописи и стандарди и усвоените меѓународни одлуки и препораки.

Основните услови за доделување и користење се однесуваат на следните опсези:

- 2850 – 3025 kHz (R)
- 3025 – 3155 kHz (OR)
- 3400 – 3500 kHz (R)
- 3800 – 3950 kHz (OR)
- 4650 – 4700 kHz (R)
- 4700 – 4850 kHz (OR)
- 5450 – 5480 kHz (OR)
- 5480 – 5680 kHz (R)
- 5680 – 5730 kHz (OR)
- 6525 – 6685 kHz (R)
- 6685 – 6765 kHz (OR)
- 8815 – 8965 kHz (R)
- 8965 – 9040 kHz (OR)
- 10005 – 10100 kHz (R)
- 11175 – 11275 kHz (OR)
- 11275 – 11400 kHz (R)
- 13200 – 13260 kHz (OR)
- 13260 – 13360 kHz (R)
- 15010 – 15100 kHz (OR)
- 17900 – 17970 kHz (R)
- 17970 – 18030 kHz (OR)
- 21924 – 22000 kHz (R)
- 23200 – 23350 kHz (OR)
- 117.975 – 137 MHz (R)
- 138 – 144 MHz (OR)
- 242.950 – 243.055 MHz EPIRB

,а начинот за издавање на одобренија е по барање.

Доделување на фреквенции наменети за воздухопловна мобилна (R) служба во опсезите од 2850–22000 kHz се врши согласно одредбите од Appendix 27 од Правилникот на ITU и ICAO Annex 10. Appendix 27 содржи Фреквенциски план за распределба во воздухопловна мобилна служба (R) и информации во врска со тоа (WRC-2000).

Опсегот 2850–22000 kHz се користи за комуникација воздух-земја (HF говор и податоци). За говор се користи амплитудна модулација со еден бочен опсег (SSB).

Доделување на фреквенции наменети за воздухопловна мобилна (OR) служба во опсезите од 3025–18030 kHz се врши согласно одредбите од Appendix 26 од Правилникот на ITU и ICAO Annex 10. Appendix 26 содржи Прописи и соодветни планови за распределба на

фреквенции во воздухопловна мобилна служба (OR) во ексклузивно наменетите опсези од 3025 kHz до 18030 kHz (WRC-2000).

Фреквенциите 2182 kHz, 3023 kHz, 5680 kHz, 8364 kHz, 10003 kHz, 14993 kHz, 19993 kHz, 121.5 MHz, 156.8 MHz и 243 MHz може, исто така, да се користат за терестријални радиокомуникациски служби при трагање и спасување на вселенски летала со посада.

Опсегот 117.975-137 MHz е наменет за воздухопловна мобилна (OR) служба за комуникација воздух-земја и воздух-воздух (VHF говор и податоци). Овој VHF опсег се користи како главен опсег за комуникација воздух-земја на кратки растојанија (оптичка видливост) на сите аеродроми, внатрешни воздушни патишта и при разни општи и рекреативни летачки активности (на пр. глајдери, балони).

Фреквенциите 121.5 MHz, 123.1 MHz и 243 MHz се користат во случај на опасност на воздухопловите и за предавателите за лоцирање (ELT) (121.5 MHz), како и за комуникации при трагање (123.1 MHz). Радио-фаровите за означување на место на несреќа (EPIRB) работат на фреквенции 121.5 MHz и 243 MHz.

Фреквенциите 122.5 MHz and 123.5 MHz се предвидени за радиокомуникации на спортските воздухоплови.

VHF приемниците се осетливи на интерференции од FM радиодифузни сигнали во опсегот 87-108 MHz. Со Annex 10 се определени условите за заштита а во Препораката ITU-R.IS.1009 се дадени насоките за техничкото планирање.

Фреквенциите се 142.750 MHz and 143.750 MHz се предвидени за радиокомуникации на воздухопловите што вршат стопанска дејност на територија на земјата.

10.1 МЕЃУНАРОДНИ ОДЛУКИ, ПРЕПОРАКИ И СТАНДАРДИ

Референтни CEPT/ITU одлуки и препораки:

- Конвенцијата на Меѓународната организација за цивилна авијација (ICAO) Annex 10
- Appendix 27: Фреквенциски план за распределба во воздухопловна мобилна служба (R) и информации во врска со тоа (WRC-2000)
- Appendix 26: Прописи и соодветни планови за распределба на фреквенции во воздухопловна мобилна служба (OR) во ексклузивно наменетите опсези од 3025 kHz до 18030 kHz (WRC-2000)

11. ПЛАН ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ И КОРИСТЕЊЕ НА РАДИОФРЕКВЕНЦИИ ВО ВОЗДУХОПЛОВНА РАДИОНАВИГАЦИСКА СЛУЖБА

Со овој План се одредуваат основните услови и начинот на доделување и користење на радиофреквенции како и каналната распределба во опсези кои со Планот за намена на радиофреквенциските опсези во Република Македонија се наменети за воздухопловна радионавигациска служба, во согласност со важечките прописи и стандарди и усвоените меѓународни одлуки и препораки.

Основните услови за доделување и користење се однесуваат на следните опсези:

- 255 – 283.5 kHz NDB GE 75: 148.5-283.5 kHz
- 283.5 – 315 kHz GE 85: NDB
- 315 – 405 kHz NDB
- 415 – 435 kHz GE 85: NDB
- 435 – 495 kHz NDB
- 505 – 526.5 kHz GE 85: NDB
- 74.8 – 75.2 MHz ILS/Радио маркери: 75 MHz
- 108 – 117.975 MHz ILS: 108-112 MHz, VOR: 108-117.975 MHz
- 328.65 – 335.4 MHz ILS/Glide path
- 960 – 1215 MHz DME
- 1300 – 1350 MHz RA: 1330-1400 MHz
- 1559 – 1626.5 MHz GNSS, GLONASS
- 2700 – 2900 MHz Радари
- 4200 – 4400 MHz Радио висиномер
- 5000 – 5150 MHz MLS
- 5350 – 5460 MHz Воздухопловни метеоролошки радари
- 8750 – 8850 MHz Воздухопловни Доплер радари
- 9000 – 9200 MHz Радари за прецизно слетување
- 13.25 – 13.4 GHz Воздухопловен Доплер радар
- 15.4 – 15.7 GHz ASDE радар/други системи

,а начинот за издавање на одобренија е по барање.

.

Условите и начинот на користење на опсезите за воздухопловна радионавигациска служба се определени со Правилникот на ITU (RR) и Конвенцијата на Меѓународната организација за цивилна авијација (ICAO) Annex 10.

Опсегот 255–526.5 kHz е наменет за воздухопловни ненасочени радио-фарови (NDB) за навигација на кратки и средни растојанија. Користени со авионските уреди за автоматско одредување на насока (ADF), NDB обезбедуваат прецизно насочување. NDB се користат на воздушните патишта над море и земја, а особено на аеродромите за општа авијација.

Во опсезите 415–435 kHz и 510–526.5 kHz фреквенциите наменети за воздухопловната радионавигациска служба се користат согласно Финалните акти на Регионалната административна конференција за планирање на MF поморска мобилна и воздухопловна радионавигациска служба (Регион 1), Женева 1985 (GE85) и ICAO Annex 10.

Во опсегот 74.8–75.2 MHz фреквенцијата 75 MHz се користи за радио-маркери кои заедно со ILS системите определуваат специфични точки на приодните патишта на аеродромите. Треба да се избегнува доделување на фреквенции блиску до границите на

заштитниот опсег на станиците на други служби, кои поради нивната моќност или географска локација можат да предизвикаат штетни пречки или на друг начин да влијаат на радио-маркерите.

Опсегот 108–117.975 MHz е наменет за VOR (108–117.975 MHz) и ILS локализатори (108–112 MHz). Системот за инструментално слетување (ILS) е еден од стандардните системи за приод и слетување на ICAO. VOR е помошен уред за навигација во сите насоки за кратки и средни растојанија.

Приемниците кои работат во долниот дел од фреквенцискиот опсег, а особено ILS, се осетливи на интермодулација од ФМ радиодифузните емисии од опсегот 87–108 MHz. Проблемите на компатибилност помеѓу радиодифузната служба во опсегот 87–108 MHz и воздухопловната радионавигациска служба во опсегот 108–117.975 MHz се дел од ITU Препораките ITU-Rec.No.704, ITU-R.IS.1009 и ICAO Annex 10.

Користењето на опсегот 328.65–335.40 MHz од воздухопловната радионавигациска служба е ограничен на системи за инструментално слетање (ILS - glide path).

Користењето на опсезите 1300–1350 MHz, 2700–2900 MHz и 9000–9200 MHz од воздухопловната радионавигациска служба е ограничено на радари на земја и на соодветни транспондери на воздухоплови, кои емитуваат на фреквенции од овие опсези само во случај кога се побудени од радари кои работата во истиот опсег.

Опсегот 4200–4400 MHz е исклучиво наменет за радио-висиномери кои обезбедуваат сигнализација на вертикалното водење во последните фази на автоматското слетање на воздухопловите на земја. Тоа се влезни податоци на воздухопловните системи за предупредување за близина на земјата.

Опсегот 5000–5150 MHz се користи за работа за меѓународни стандардни микробранови системи (MLS) за прецизно пристапување и слетање.

Опсезите 8750–8850 MHz и 13.25–13.4 MHz се користат за Доплерови радари на воздухоплови.

Опсегот 15.4–15.7 GHz се користи за примарни радари, особено за уреди за детекција на движење по површина на аеродромите (ASDE radar) како и за други системи.

11.1 МЕЃУНАРОДНИ ОДЛУКИ, ПРЕПОРАКИ И СТАНДАРДИ

- Конвенција на Меѓународната организација за цивилна авијација (ICAO) Annex 10

- GE75: Финални Акти на Регионалната административна LF/MF конференција за радиодифузија (Регион 1 и 3), (Женева, 1975)

- GE85: Финални акти на Регионалната административна конференција за планирање на MF поморска мобилна и воздухопловна радионавигациска служба (Регион 1), Женева 1985.

ПРИЛОГ 1

ТАБЕЛА НА ТОЛЕРАНЦИИ НА ФРЕКВЕНЦИИ НА ПРЕДАВАТЕЛИ

1. Толеранција на фреквенција е максимално дозволено отстапување од централната фреквенција на зафатениот фреквенциски опсег на емисијата од доделената фреквенција, или од карактеристичната фреквенција на емисијата од референтната фреквенција. Толеранцијата на фреквенцијата се изразува во делови, и тоа во 10^{6} или во херци.

2. Моќноста дадена за различни категории на станици е врвната моќност на обвивката за предавателите што емитират со еден страничен опсег и средна моќност за сите останати предаватели, до колку не е поинаку назначено.

   Врвна моќност на обвивката е средна вредност на моќноста со која предавателот, во услови на нормална работа, го напојува антенскиот вод во текот на една радиофреквенциска периода, при максимална амплитуда на обвивката на модулацијата.

   Средна моќност на предавателот е средна вредност на моќноста со која предавателот го напојува антенскиот вод во услови на нормална работа во текот на интервалот на времето, кој е доволно долг во споредба со периодот на најниската фреквенција со која се врши модулацијата.

3, Од технички и оперативни причини, за некои категории на станици потребни се построги толеранции од вредностите дадени во Табелата.

Фреквенциски опсег (долна граница исклучена, горна граница вклучена) и категории на станици	**Толеранција на фреквенции на предавател**
Опсег: **9 kHz – 535 kHz**	
1 Фиксни станици:	
- 9 kHz до 50 kHz	100
- 50 kHz до 535 kHz	50
2 Копнени станици:	
a) крајбрежни станици	100 [1, 2]
b) воздухопловни станици	100
3 Мобилни станици:	
a) бродски станици	200 [3, 4]
b) бродски предавател за случај на опасност	500 [5]
c) станица на објект за спасување	500
d) воздухопловни станици	100
4 Радиодетерминациски станици	100
5 Радиуодифузни станици	10 Hz
Опсег: **535 kHz – 1 606.5 kHz**	
Радиодифузни станици	10 Hz [6]

Фреквенциски опсег (долна граница исклучена, горна граница вклучена) и категории на станици	**Толеранција на фреквенции на предавател**
Опсег: **1 605.5 kHz – 4 000 kHz**	
1 Фиксни станици:	
- моќност 200 W или помалку	100 [7, 8]
- моќност над 200 W	50 [7, 8]
2 Копнени станици:	
- моќност 200 W или помалку	100 [1, 2, 7, 9, 10]
- моќност над 200 W	50 [1, 2, 7, 9, 10]
3 Мобилни станици:	
а) бродски станици	40 Hz [3, 4, 12]
б) авионски станици за опасност	100
б) радио–фар станици за означување на место на несреќа	100
г) воздухопловни станици	100 [10]
д) копнена мобилна станица	50 [13]
4 Радиодетерминациски станици:	
- моќност 200 W или помалку	20 [14]
- моќност над 200 W	10 [14]
5 Радиодифузни станици	10 Hz [15]
Опсег: **4 MHz – 29.7 MHz**	
1 Фиксни станици:	
а) SSB и независни SB емисии:	
– моќност 500 W или помалку	50 Hz
– моќност над 500 W	20 Hz
б) F1B емисии	10 Hz
в) други емисии:	
– моќност 500 W или помалку	20
– моќност над 500 W	10
2 Копнени станици:	
а) крајбрежни станици	20 Hz [1, 2, 16]
б) воздухопловни станици:	
– моќност 500 W или помалку	100 [10]
– моќност над 500 W	50 [10]
в) базни станици	20 [7]
3 Мобилни станици:	
а) бродски станици:	
1) A1A емисии	10
2) емисии различни од A1A	50 Hz [3, 4, 19]
б) станица на објект за спасување	50
в) воздухопловни станици	100 [10]
г) копнена мобилна станица	40 [20]
4 Радиодифузни станици	10 Hz [15, 21]
5 Вселенски станици	20
6 Земска станица	20

Фреквенциски опсег (долна граница исклучена, горна граница вклучена) и категории на станици	**Толеранција на фреквенции на предавател**
Опсег: **29.7 MHz – 100 MHz**	
1 Фиксни станици:	
- моќност 50 W или помалку	30
- моќност над 50 W	20
2 Копнени станици	20
3 Мобилни станици	20 [22]
4 Радиодетерминациски станици	50
5 Радиодифузни станици (различни од телевизија)	2 000 Hz [23]
6 Радиодифузни станици (телевизиски звук и слика)	500 Hz [24, 25]
7 Вселенски станици	20
8 Земска станица	20
Опсег: **100 MHz – 470 MHz**	
1 Фиксни станици:	
- моќност 50 W или помалку	20 [26]
- моќност над 50 W	10
2 Копнени станици:	
а) крајбрежни станици	10
б) воздухопловни станици	20 [28]
в) базни станици:	
– во опсегот 100–235 MHz	15 [29]
– во опсегот 235–401 MHz	7 [29]
– во опсегот 401–470 MHz	5 [29]
3 Мобилни станици:	
а) бродски станици и станици на објект за спасување:	
– во опсегот 156–174 MHz	10
– надвор од опсегот 156–174 MHz	50 [31]
б) воздухопловни станици	30 [28]
в) копнени мобилни станици	
– во опсегот 100–235 MHz	15 [29]
– во опсегот 235–401 MHz	7 [29, 32]
– во опсегот 401–470 MHz	5 [29, 32]
4 Радиодетерминациски станици	50 [33]
5 Радиодифузни станици (различни од телевизија)	2 000 Hz [23]
6 Радиодифузни станици (телевизиски звук и слика)	500 Hz [24,25]
7 Вселенски станици	20
8 Земска станица	20

Фреквенциски опсег (долна граница исклучена, горна граница вклучена) и категории на станици	**Толеранција на фреквенции на предавател**
Опсег: **470 MHz – 2 450 MHz**	
1 Фиксни станици:	
- моќност 100 W или помалку	100
- моќност над 100 W	50
2 Копнени станици	20 [36]
3 Мобилни станици	20 [36]
4 Радиодетерминациски станици	500 [33]
5 Радиодифузни станици (различни од телевизија)	100
6 Радиодифузни станици (телевизиски звук и слика) во опсегот 470–960 MHz	500 Hz [24, 25]
7 Вселенски станици	20
8 Земска станица	20
Опсег: **2 450 MHz – 10 500 MHz**	
1 Фиксни станици:	
- моќност 100 W или помалку	200
- моќност над 100 W	50
2 Копнени станици	100
3 Мобилни станици	100
4 Радиодетерминациски станици	1 250 [33]
5 Вселенски станици	50
6 Земска станица	50
Опсег: **10.5 MHz – 40 GHz**	
1 Фиксни станици:	300
2 Радиодетерминациски станици	5 000 [33]
3 Радиодифузни станици	100
4 Вселенски станици	100
5 Земска станица	100

ЗАБЕЛЕШКИ ВО ТАБЕЛАТА ЗА ФРЕКВЕНЦИСКИ ТОЛЕРАНЦИИ НА ПРЕДАВАТЕЛИТЕ

1) За крајбрежните станици што се користат за телеграфија со директно печатење или за пренос на податоци, толеранцијата е:
   - 5 Hz за теснопојасно фазно поместување (PSK);
   - 15 Hz за фреквенциско поместување (FSK) за предаватели што се користат или се инсталирани пред 2 Јануари 1992;
   - 10 Hz за фреквенциско поместување (FSK) за предаватели инсталирани после 1 Јануари 1992.

2) За крајбрежните станици што се користат за селективно повикување, толеранцијата е 10 Hz. Оваа толеранција се применува на предаватели инсталирани после 1 Јануари 1992 и на сите предаватели по датумот на целосна имплементација на GMDSS (Res.331 (Rev.WRC–97)).

3) За бродски станици што се користат за телеграфија со директно печатење или за пренос на податоци, толеранцијата е:

- 5 Hz за теснопојасно фазно поместување (PSK);
- 40 Hz за фреквенциско поместување (FSK) за предаватели што се користат или се инсталирани пред 2 Јануари 1992;
- 10 Hz за фреквенциско поместување (FSK) за предаватели инсталирани после 1 Јануари 1992;

4) За бродски станици што се користат за дигитално селективно повикување, толеранцијата е 10 Hz. Оваа толеранција се применува на предаватели инсталирани после 1 Јануари 1992 и на сите предаватели по датумот на целосна имплементација на GMDSS (Res.331 (Rev.WRC–97)).

5) Ако предавателот на станицата за спасување се користи како резервен предавател на главниот, се применува толеранцијата на предаватели на бродски станици.

7) За SSB радиотелефонски предаватели освен за крајбрежни станици, толеранцијата е:

- 50 Hz во опсегот 1606,5 – 4000 kHz и 4–29,7 MHz, за врвна моќност на обвивката 200 W или помалку и 500 W или помалку, соодветно;
- 20 Hz во опсегот 1606,5 – 4000 kHz и 4–29,7 MHz, за врвна моќност на обвивката над 200 W и 500 W, соодветно.

8) За радиотелеграфски предаватели со фреквенциско поместување (FSK) толеранцијата е 10 Hz.

9) За SSB радиотелефонски предаватели на крајбрежните станици толеранцијата е 20 Hz.

10) За SSB предаватели што работат во фреквенциските опсези 1606,5 – 4000 kHz и 4–29,7 MHz кои се ексклузивно наменети за воздухопловна мобилна (R) служба, толеранцијата на фреквенцијата на носителот е:

а) за сите станици во воздухоплов, 10 Hz;
б) за сите станици во воздухоплов што работат во меѓународни служби, 20 Hz;
в) за станици во воздухоплов што работат исклучиво во национални служби, 50 Hz.

11) Не се користи.

12) За A1A емисии толеранцијата е 50×10^{-6}.

13) За предаватели што се користат за SSB радиотелефонија или за радиотелеграфија со фреквенциско поместување (FSK) толеранцијата е 40 Hz.

14) За радиофар предаватели во опсегот 1606,5–1800 kHz толеранцијата е 50×10^{-6}.

15) За A3E емисии со моќност на носителот 10 kW или помалку толеранцијата е 20×10^{-6}, 15×10^{-6} и 10×10^{-6} во опсезите 1606,5–4000 kHz, 4–5,95 MHz и 5,95–29.7 MHz, соодветно.

16) За A1A емисии толеранцијата е 10×10^{-6}.

17) Не се користи.

(18) Не се користи.

19) За предаватели на бродски станици во опсегот 26 175 – 27 500 kHz, на малите бродови, со моќност на носителот не поголема од 5 W во или во близина на крајбрежните води и користејќи A3E или F3E и G3E емисии, фреквенциската толеранција е 40×10^{-6}.

20) Толеранцијата е 50 Hz за радиотелефонски предаватели со еден страничен опсег (SSB), освен за оние предаватели што работат во опсегот 26 175 – 27 500 kHz и чија врвна вредност на моќноста на обвивката не преминува 15 W, за кои важи основната толеранција од 40×10^{-6}.

21) Се препорачува да се избегнува разлика на фреквенцијата на носителот од неколку херци, што предизвикува деградација слична со периодичен фединг. Ова може да се избегне ако толеранциите беа 0,1 Hz, толеранција која е соодветна за SSB емисии.

22) За преносна опрема што не е монтирана во возило со средна моќност на предавателот која не надминува 5 W, толеранцијата е 40×10^{-6}.

23) За предаватели со средна моќност 50 W и помалку, што работат на фреквенции под 108 MHz толеранцијата е 3000 Hz.

24) Во случај на телевизиски станици со:

– 50 W (врвна моќност на обвивката за слика) или помалку во опсегот 29,7–100 MHz;
– 100 W (врвна моќност на обвивката за слика) или помалку во опсегот 100–960 MHz;

а кои примаат влез од други телевизиски станици или кои опслужуваат мали изолирани населби, од оперативни причини не е можно да ја запазат толеранцијата. За такви станици толеранцијата е 2000 Hz.

За станици со 1 W (врвна моќност на обвивката за слика) или помалку, оваа толеранција може да се намали на:

– 5 kHz во опсегот 100–470 MHz;
– 10 kHz во опсегот 470–960 MHz;

25) За предаватели во системот M (NTSC) толеранцијата е 1000 Hz. Сепак за предаватели со мала моќност што го користат овој систем важи забелешката (24).

26) За радио релејни системи со повеќе делници што користат директна фреквенциска конверзија толеранцијата е 30×10^{-6}.

27) Не се користи.

28) За канално растојание 50 kHz толеранцијата е 50×10^{-6}.

29) Овие толеранции се применуваат на канални растојанија еднакви или поголеми од 20 kHz.

30) Не се користи.

31) За предаватели што се користат на самиот брод толеранцијата е 5×10^{-6}.

32) За преносна опрема што не е монтирана во возило со средна моќност на предавателот која не надминува 5 W, толеранцијата е 15×10^{-6}.

33) Кога на радарска станица не и се доделени посебни фреквенции, таквата станица може да го користи целиот опсег наменет за таа служба, а наведените толеранции не се применуваат.

34) Не се користи.

35) Не се користи.

36) Примената на наведените толеранциите треба да биде согласно најновите ITU–R Препораки.

ПРИЛОГ 2

ТАБЕЛА НА МАКСИМАЛНО ДОЗВОЛЕНИ НИВОА НА МОЌНОСТА НА СПОРЕДНИ ЕМИСИИ

1. Во следната Табела се прикажани максималните дозволени нивоа на споредни емисии, изразени преку ниво на средна моќност на било која споредна компонента на емисија со која предавателот го напојува преносниот вод до антената.

2. Споредните емисии од било кој дел на инсталацијата освен од антената и нејзиниот преносен вод не смеат да имаат ефект поголем од оној што би се јавил до колку овој антенски систем би се напојувал со максимално дозволена моќност на фреквенција на таа споредна емисија.

3. Овие нивоа не се применуваат на радио–фар станици за означување на место на несреќа (EPIRB), локатор за несреќа, бродски предавателi за несреќа, предавателi на чамци за спасување, станици на објекти за спасување или на поморски предавателi кога се користат во случај на опасност.

4. Од технички или експлоатациони причини за одредени служби се потребни поостри критериуми од специфицираните во Табелата. Нивоата што се користат во овие служби се утврдуваат на соодветна светска конференција за радиокомуникации. Овие поостри критериуми можат да бидат утврдени и со спогодби помеѓу заинтересирани администрации.

5. За радиодетерминациски станици потребно е да се постигне што е можно помала моќност на споредните емисии, се додека постојат прифатливи методи за мерење.

Фреквенциски опсег кој ја содржи доделбата (долна граница исклучена, горна граница вклучена)	За било која споредна компонента, слабеењето (средна моќност во потребниот опсег во однос на средна моќност на споредна компонента што се разгледува) мора да биде најмалку еднакво на вредноста дадена во Табелата и дадените апсолутни нивои на средната моќност не смеат да бидат надминати (1) Нивоа на споредни емисии за предавателi кои се поставени пред 1 јануари 2003 година (важи до 1 јануари 2012 година)
9 kHz до 30 MHz	40 dB 50 mW [2, 3, 4]
30 MHz до 235 MHz – средна моќност над 25 W – средна моќност 25 W или помалку	 60 dB 1 mW [5] 40 dB 25 μW
235 MHz до 960 MHz – средна моќност над 25 W – средна моќност 25 W или помалку	 60 dB 20 mW [6, 7] 40 dB 25 μW
960 MHz до 17,7 GHz – средна моќност над 10 W – средна моќност 10 W или помалку	 50 dB 100 mW [6, 7, 8 9] 100 μW [6, 7, 8, 9]
над 17.7 GHz	До донесување на нови Препораки, ќе се користи најниското можно ниво (види ITU–R Препорака 66)

ЗАБЕЛЕШКИ ВО ТАБЕЛАТА НА МАКСИМАЛНО ДОЗВОЛЕНИ НИВОА
НА МОЌНОСТ НА СПОРЕДНИ ЕМИСИИ

1) При проверка на усогласеноста со одредбите од Табелата, треба да биде потврдено дека широчината на опсегот на мерниот уред е доволно голема за да ги пропушти сите компоненти на разгледуваната споредна емисија.

2) За мобилни предаватели кои работат под 30 MHz, било која споредна компонента мора да има слабеење од најмалку 40 dB не преминувајќи ја вредноста од 200 mW, и кога е тоа изводливо треба да се вложи напор за да се усогласи со ниво од 50 mW.

3) За предаватели чија средна моќност е поголема од 50 kW и кои работат на две или повеќе фреквенции зафаќајќи опсег од една или повеќе октави, се додека намалувањето под 50 mW не е задолжително, треба да се обезбеди слабеење од минимум 60 dB.

4) За рачно преносliв уред со средна моќност помала од 5 W, слабеењето мора да биде најмалку 30 dB, меѓутоа треба да биде вложен напор за да се постигне слабеење од 40 dB.

5) Администрациите можат да усвојат ниво од 10 mW под услов да не се предизвикуваат штетни пречки.

6) Кога неколку предаватели напојуваат заедничка антена или блиски антени на соседни фреквенции, треба да се преземат сите мерки за усогласување со специфицираните нивоа.

7) Со оглед на тоа што овие нивоа не можаат да обезбедат соодветна заштита за приемните станици во радиоастрономија и вселенски служби, за секој поединичен случај во зависност од географската положба на разгледуваната станица, можат да се применат построги критериуми за нивоата.

8) Овие нивоа не се применуваат на системи кои користат дигитална модулација, меѓутоа можаат да се користат како упатство. Вредностите за овие системи можат да се користат од соодветните ITU–R Препораки, доколку се достапни (види Препорака 66).

9) Овие нивоа не се применуват за станици во вселенски служби, меѓутоа нивоата на нивните споредни емисии треба да се намалат на најниска можна вредност што е компатабилна со техничките и економските ограничувања на употребениот уред. За овие системи се користат вредности дадени во соодветни ITU–R препораки, доколку се достапни (види Препорака 66).

ПРИЛОГ 3

МЕЃУНАРОДНИ ОДЛУКИ И ПРЕПОРАКИ

	Краток наслов македонски/ англиски	
ITU RF 746 Ann 2	Радиофреквенциска канална распределба во опсегот 4400-5000 MHz	Radio-frequency channel arrangement in the band 4400-5000 MHz
ITU RF 385	Радиофреквенциска канална распределба за радио релејни системи во опсегот 7 GHz (7125-7425 MHz и 7425-7725 MHz)	Radio-frequency channel arrangements for radio-relay systems operating in the 7 GHz band
ITU RF 386 Ann1	Радиофреквенциска канална распределба за аналогни или дигитални радио релејни системи со среден и голем капацитет што работат во опсегот 8 GHz (7725-8275 MHz)	Radio-frequency channel arrangements for medium and high capacity analogue or digital radio-relay systems operating in the 8 GHz band
ITU RF 386 Ann3	Радиофреквенциска канална распределба за аналогни или дигитални радио релејни системи со среден и голем капацитет што работат во опсегот 8 GHz (8275-8850 MHz)	Radio-frequency channel arrangements for medium and high capacity analogue or digital radio-relay systems operating in the 8 GHz band
ECC/DEC/(08)05	Хармонизирани фреквенциски опсези за PPDR радио апликации во рамките на 380-470MHz опсегот	Harmonization of frequency bands for their implementation of PPDR radio applications in bands within 380-470MHz
ECC/DEC/(08)01	Хармонизирано користење на опсегот 5875 -5925MHz за ITS	Harmoniseed use of 5875 -5925MHz frequency band for ITS
ECC/DEC/(07)05	Изземање од поединечно лиценцирање на копнено мобилни сателитски терминали во опсегот 1-3 GHz наменет за MSS	Exemption from individual licensing of land mobile satellite terminals operating in MSS allocation in frequency range 1-3GHz
ECC/DEC/(07)04	Слободно движење и користење на мобилни сателитски терминали во опсегот од 1-3 GHz наменет за MSS	Free circulation and use of mobile satellite terminals operation in MSS allocation in frequency range 1-3GHz
